# З А П И С Н И К
## Од Четириесет и четвртата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 21.05.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Четириесет и четвртата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Беким Лачи, Томислав Кежаровски, Миле Гроздоноски и Марјан Велевски,***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Маја Седрак и Лазо Трпков.***

**Други присутни: Зоран Ристоски Директор на МРТ, Јовица Пауноски главен и одговорен уредник на 4NEWS.МК, Васко Маглешов Балканска истражувачка репортерска мрежа БИРН, Младен Чадиковски претседател на ЗНМ, Драган Секуловски извршен директор на ЗНМ, Билјана Настеска-Каланоска офицер за комуникации во ЗНМ, Мишко Талески Министерство за дигитална трансформација, Леунора Калиќи претседателка на СЕММ, Билјана Петковска директорка на МИМ, Весна Никодиноска МИМ, Моника Аксентиевска Институт за комуникациски студии, Драгица Љубевска АВМУ, Гордана Мајнова АВМУ, Сања Фрковиќ Гелевска Делегација на ЕУ, Игор Себишки Frame, Ивона Талевска од МАН и Драган Павловиќ Латас од МАН.**

Четириесет и четвртата седница на Програмскиот совет започна во 10:13 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Четириесет и четвртата седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Презентација на програмските, развојните и реформските определби, приоритети и планирани активности во работењето на ЈРП МРТ во рамки на мандатниот период на Директорот на ЈРП МРТ.**
2. **Разгледување и усвојување на Записникот од 41-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
3. **Разгледување и усвојување на Записникот од 43-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Презентација на програмските, развојните и реформските определби, приоритети и планирани активности во работењето на ЈРП МРТ во рамки на мандатниот период на Директорот на ЈРП МРТ.**

На самиот почеток Претседателот Давор Пашоски во име на Програмскиот совет на МРТ се заблагодари за присуството и учеството на денешната јавна седница.

Тој истакна дека особено му е драго што на оваа јавна седница присуствуваат претставници на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ), Македонскиот институт за медиуми (МИМ), Институтот за комуникациски студии, Балканската истражувачка репортерска мрежа – БИРН, Министерството за дигитална трансформација, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), Делегацијата на Европската Унија, како и претставници на медиумите, професионалните организации и граѓанскиот сектор. Потенцирајќи дека нивното присуство дополнително ја потврдува важноста на јавниот дијалог и потребата од заедничка соработка во процесот на развој и унапредување на Македонската радио-телевизија како современ, независен и кредибилен јавен сервис.

Во своето излагање Пашоски потенцираше дека од самиот почеток на мандатот на актуелниот состав на Програмскиот совет, пристапот на Советот е насочен кон транспарентност, јавност и инклузивност во работењето. Ова е трета јавна седница на Програмскиот совет, а првата беше организирана веднаш по конституирањето на Советот, кога пред пошироката јавност и професионалната медиумска заедница ги претстави основни приоритети и определби како јакнење на независноста и кредибилитетот на јавниот сервис, дигитална трансформација, технолошка модернизација, подобрување на програмските содржини, унапредување на професионалните стандарди и обезбедување поголема транспарентност и отвореност на МРТ кон јавноста.

Особено е важно МРТ да продолжи да се развива како модерен, независен, кредибилен и одржлив јавен сервис со јасна визија, стабилна финансиска рамка и континуирано вложување во технолошка модернизација, дигитална трансформација, продукциски капацитети и човечки ресурси.

Токму затоа, овие прашања претставуваат и клучни стратешки приоритети и фокус на Програмскиот совет во претстојниот период. Во таа насока, посебно внимание треба да се посвети на забрзување на технолошката модернизација, приближување на МРТ до младата публика преку современи и дигитално прилагодени содржини, развој на функционален и повеќејазичен дигитален портал, јакнење на присуството на социјалните медиуми, формирање посебна дигитална редакција, како и подготовка на новата петгодишна стратегија за развој на МРТ за периодот 2026–2030 година.

Подеднакво важен приоритет за Програмскиот совет е обезбедувањето долгорочна финансиска стабилност и подготовка на реален акциски и инвестициски план, кој ќе опфати модернизација на техничката и продукциската инфраструктура, подобрување на условите за

работа, јакнење на човечките капацитети, унапредување на дописничката мрежа и создавање услови за поефикасна и современа организациска поставеност.

Во таа насока, Програмскиот совет смета дека е неопходно да продолжат и законските реформи поврзани со јавниот сервис, преку подготовка на посебен Закон за МРТ, кој ќе овозможи дополнително јакнење на функционалната независност, финансиската и институционалната автономија на јавниот сервис. Истовремено, како еден од приоритетите на Програмскиот совет, потребно е да се спроведе и нова функционална анализа и систематизација, со цел создавање поефикасна, функционална и современа организациска поставеност, која ќе одговара на реалните потреби и идниот развој на МРТ.

Истовремено, меѓу приоритетите на Програмскиот совет остануваат и континуираното унапредување на професионалните и етичките стандарди, дополнителното јакнење на сопствената продукција, развојот на современи и атрактивни програмски содржини за сите категории граѓани, како и продлабочувањето на меѓународната соработка, особено во рамки на активностите со ЕБУ и другите меѓународни партнери.

Програмскиот совет смета дека овие приоритети во значителна мера се поклопуваат и со програмските, развојните и реформските определби на директорот на МРТ, Зоран Ристоски, чија програма беше избрана во законска, транспарентна и статутарна постапка, согласно Законот, Статутот на МРТ и јавно утврдените критериуми усвоени и објавени со записникот од 39-тата седница на Програмскиот совет.

Притоа, програмата на директорот се издвои не само по својот квалитет, туку и по деталноста, концептот, јасната поставеност на приоритетите, фазите на реализација и развојната визија за иднината на јавниот сервис.

Пашоски истакна дека денешната јавна седница е замислена како можност претставниците на професионалната и стручната јавност непосредно да се запознаат со програмата, приоритетите и планираните активности на менаџментот и Програмскиот совет, но и да се разменат идеи, мислења и конструктивни предлози за идниот развој на МРТ.

Воедно, тој напомена дека оваа седница не е замислена како прес-конференција или класична средба со медиумите, туку како отворена и конструктивна дискусија со претставниците на еснафските здруженија, институциите, организациите и професионалната медиумска заедница.

По воведното обраќање на Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Претседателот му даде збор на директорот на МРТ, Зоран Ристоски, да ги презентира програмските, развојните и реформските определби, приоритети и планирани активности во работењето на јавниот сервис.

Во рамки на јавната седница, Директорот на ЈРП МРТ, Зоран Ристовски, ги презентираше програмските, развојните и реформските приоритети во работењето на јавниот сервис, при што се осврна на актуелната состојба во МРТ, наследените предизвици и планираните активности во наредниот период.

Во своето излагање, директорот посочи дека МРТ се соочува со сериозни кадровски, технички и организациски предизвици, како резултат на долгогодишна стагнација и недоволни инвестиции во продукциските и технолошките капацитети на јавниот сервис. Притоа беше нагласена потребата од постепена институционална консолидација, модернизација и враќање на професионалните и продукциските стандарди на МРТ.

Директорот информираше дека веќе се преземаат конкретни чекори во насока на зајакнување на сопствената продукција и враќање на одредени програмски сегменти под целосна продукциска и уредувачка надлежност на МРТ, со цел јакнење на независноста, професионалноста и капацитетите на јавниот сервис. Во таа насока, беше најавено и натамошно унапредување на техничката инфраструктура и продукциските услови.

Посебен акцент во излагањето беше ставен на потребата од дигитална трансформација на МРТ, вклучително и процесот на дигитализација и заштита на богатата аудио и видео архива на јавниот сервис, како значајно културно и медиумско наследство. Директорот ја истакна заложбата за развој на современи дигитални платформи преку кои архивските и програмските содржини би биле подостапни до граѓаните, дијаспората и пошироката јавност.

Во однос на човечките ресурси, директорот укажа на потребата од кадровско подмладување, едукација и создавање нови генерации медиумски професионалци, при што информираше дека МРТ веќе започнала активности за обука и практична едукација на млади новинари, репортери и медиумски работници. Беше потенцирано дека развојот на квалитетен и професионален новинарски кадар претставува еден од клучните предуслови за понатамошен развој на јавниот сервис.

Директорот се осврна и на програмските определби на МРТ, при што нагласи дека во претстојниот период ќе се работи на модернизација и поголема динамичност на програмската понуда, со посебен фокус на содржини наменети за младата публика, културната и образовната продукција, како и повторно афирмирање на препознатливи програмски формати и брендови на МРТ.

Дополнително, директорот информираше дека во рамки на програмските и развојните определби се разгледуваат и повеќе нови иницијативи и проекти кои постепено ќе бидат интегрирани во програмските активности на МРТ. Притоа, беше најавено враќање и повторно заживување на дел од препознатливите и традиционални програмски брендови на јавниот сервис, меѓу кои Детската радио-драма и Детскиот хор, со цел јакнење на културната, образовната и детската продукција, како и обновување на улогата на МРТ како значаен носител на медиумскиот и културниот развој во државата.

Во своето излагање, директорот информираше и дека МРТ ќе се врати на сцената на Евровизија, при што посочи дека целиот процес ќе се води транспарентно и професионално, а јавноста навремено ќе биде информирана за сите наредни активности и чекори поврзани со организацијата и учеството.

Директорот посочи дека во тек е детална анализа на финансиската и организациската состојба на МРТ, со цел реално согледување на расположливите капацитети, можности и приоритети на јавниот сервис. Притоа беше нагласено дека идните програмски, продукциски и развојни активности ќе се планираат и реализираат согласно утврдените финансиски можности, со постепен и одржлив пристап кон реализација на предвидените проекти и програмски определби.

Во рамки на дискусијата беше потенцирана и потребата од финансиска стабилизација на МРТ, подобрување на условите за работа и унапредување на статусот на новинарите и медиумските работници, со цел обезбедување професионална независност, одржливост и отпорност на надворешни влијанија.

Потоа зема збор Претседателот на Здружение на новинари на Македонија, Младен Чадиковски, кој истакна дека МРТ треба да биде лидер и пример во радиодифузниот сектор, преку програмски, технолошки и кадровски иновации, но и преку зачувување и развивање на плурализмот на содржини што јавниот сервис го има воспоставено низ годините. Тој нагласи дека реформите во МРТ се важни не само за јавниот сервис, туку и како позитивен модел за целиот медиумски сектор и за јавниот интерес.
Во однос на законската рамка, беше укажано дека ЗНМ ќе се залага за посебен закон за МРТ и за јасно разграничување на јавниот сервис од приватните радиодифузери во медиумската регулатива. Посебно беше потенцирано дека новинарите, уредниците и креативниот кадар во МРТ не треба да се третираат како јавна администрација, бидејќи тоа го усложнува процесот на вработување, кадровско подмладување и професионален развој.
Освен ова, беше истакната и потребата од развој на стабилна дописничка мрежа, со локални дописници со редовни работни договори и соодветна инфраструктура, како и можност за воспоставување дописничка мрежа од странство, имајќи предвид дека ова претставува реална јавна потреба која комерцијалните медиуми тешко можат самостојно да ја покријат.

Следна збор зеде Гордана Мајнова, член на Советот на АВМУ, која истакна дека директорот на МРТ презентирал програма и проекти кои имаат потенцијал да придонесат за враќање на угледот и препознатливоста на МРТ, што, според неа, е за поздравување.
Во своето излагање, таа посочи дека на програмите на Македонската телевизија им недостигаат поквалитетни програмски наслови, како и иновативна домашна продукција, со што ја нагласи потребата од дополнително јакнење на програмската понуда на јавниот сервис.
Воедно, осврнувајќи се на прашањето на финансирањето, Мајнова нагласи дека Владата донела заклучок за измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, конкретно во делот на член 105 став 1, со кои како основа за пресметка на средствата би се земала 2023 година, наместо претходната година, како што било предвидено досега.

Понатаму зема збор Драган Секуловски извршен директор на Здружението на новинари на Македонија, кој истакна дека ЗНМ може да даде поддршка на МРТ преку проценка и унапредување на постојниот Етички кодекс, во соработка со Македонски институт за медиуми, како и преку придонес во подготовката на новиот петгодишен стратешки план на јавниот сервис. Тој најави и можност за бесплатна обука за новинари на МРТ преку Тренинг академијата на ЗНМ, со поддршка од Делегација на Европската Унија.
Дополнително, беше нагласено дека ќе следи покана до МРТ да се вклучи во новата иницијатива поддржана од Програма за развој на Обединетите нации за информациски интегритет, чија цел е воспоставување поширока координација меѓу институциите, медиумите, граѓанските организации и експертската заедница, со цел градење поотпорен, професионален и доверлив медиумски простор.

Воедно, претставниците на ЗНМ изразија загриженост поради информациите изнесени на седницата од страна на претставничката на медиумскиот регулатор, која посочи дека Владата, на седница, донела заклучок за измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (член 105, став 1), со кои како основа за пресметка на средствата би се земала 2023 година, наместо претходната година како досега. Беше укажано дека ваквите измени, доколку водат кон намалување на средствата за МРТ, МРД и АВМУ, може директно да ја загрозат можноста за спроведување на најавените реформи и затоа процесот мора да биде транспарентен и со вклучување на сите релевантни чинители.

Следен збор зеде Мишко Талески од Министерството за дигитална трансформација, кој истакна дека излагањето на директорот на МРТ е охрабрувачко и мотивирачко, при што нагласи дека Министерството ќе се обиде да даде поддршка во процесот на унапредување и развој на МРТ, со цел јавниот сервис да го заземе местото што му припаѓа.
Во своето обраќање, тој потврди дека Владата донела заклучок за измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, конкретно во однос на член 105 став 1, при што како основа за пресметка на средствата би се земала 2023 година.
Талески истакна и дека Министерството за дигитална трансформација добива насоки и извештаи од Европската комисија во однос на моделите на финансирање на јавните сервиси, при што една од препораките на европските експерти се однесува на потребата од диверзификација на изворите на финансирање на јавниот сервис, односно обезбедување и други начини на финансирање покрај постојните.
Воедно, тој информираше дека Министерството е во фаза на подготовка на Стратегија за развој на медиумскиот сектор, која се изработува во соработка со еснафските здруженија и медиумите, како од земјата така и од регионот. Според него, во рамки на стратегијата ќе бидат нотирани потребите на јавниот сервис, вклучително и потребата од подготовка на нов Закон за МРТ.

Понатаму збор зеде Јовица Пауновски, главен и одговорен уредник на 4NEWS.MK, кој отвори повеќе прашања поврзани со функционирањето и идните планови на МРТ.
Во своето обраќање, тој праша за исплатата на надоместоците за хонорарните соработници, посочувајќи дека според информациите со кои располага исплатите доцнат по неколку месеци. Исто така, Пауновски постави прашања и во однос на копродукциите, односно каков е ставот на директорот на МРТ во поглед на идната соработка и развојот на копродукциските проекти.
Воедно, тој праша и дали Македонија ќе има свој претставник на Изборот за песна на Евровизија во 2027 година.

Директорот на МРТ, Зоран Ристоски, во својот одговор истакна дека е предвидено хонорарните соработници своите надоместоци да ги добиваат редовно и истовремено со исплатата на платите на останатите вработени во МРТ.
Во однос на копродукциите, тој посочи дека информативната програма, односно вестите, повеќе не се реализираат како копродукциски проект, туку се целосно вратени во продукција на МРТ.
Воедно, директорот Ристоски информираше дека Македонија ќе има свој претставник на Изборот за песна на Евровизија во 2027 година.

Следна збор зеде Леунора Калиќи, претседателка на СЕММ, која истакна дека е неопходно да се подобрат условите за работа во МРТ, со цел да се обезбедат поквалитетни професионални стандарди и подобра работна атмосфера за вработените.
Во своето обраќање, таа нагласи дека е потребно повторно да се воспостави и доследно да се применува мерит-системот, посочувајќи дека дел од новинарите вложуваат значителен труд и професионален ангажман во својата работа, додека кај дел од вработените, според неа, недостасува исто ниво на посветеност.
Воедно, Калиќи говореше и за потребата од понатамошно унапредување и примена на Етичкиот кодекс, како и за реализација на функцијата омбудсман во рамки на јавниот сервис.

Потоа збор зеде Билјана Петковска, директорка на МИМ, која истакна дека во процесот на изработка на националната стратегија за развој и унапредување на медиумскиот сектор, особено значење има Европскиот акт за слобода на медиумите, како важен европски документ со кој државата ќе треба да се усогласи. Според неа, овој процес претставува можност јавниот сервис дополнително да се развие и да стане препознатлив пример и репер во регионот.
Таа оцени како позитивно тоа што директорот на МРТ во својата програма става посебен фокус на младите и на потребата од создавање и емитување содржини кои ќе ја привлечат младата публика.
Воедно, Петковска нагласи дека посебен акцент треба да се стави и на медиумската писменост, при што истакна дека младите треба да се поттикнуваат критички да ги анализираат и преиспитуваат медиумските информации. Според неа, јавниот сервис веќе има значителен придонес во оваа област, но потребно е дополнително и континуирано вложување во развојот на медиумската писменост, едукативните содржини и програмите од јавен интерес.
Таа посочи и дека јавниот сервис треба да продолжи да се развива како професионален и независен сервис во функција на граѓаните и јавниот интерес, со посветеност на објективно, кредибилно и одговорно информирање.
Во своето излагање, Петковска говореше и за потребата од изнаоѓање соодветни модели за повторно воведување на радиодифузната такса, посочувајќи дека такви модели на финансирање постојат и функционираат во голем број европски држави.

На крајот збор зеде Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, кој уште еднаш им се заблагодари на присутните за учеството, конструктивната дискусија и дадените предлози и согледувања.
Во своето обраќање, тој истакна дека Програмскиот совет, како највисоко управувачко тело на МРТ, ќе продолжи активно и одговорно да го поддржува процесот на развој, реформи и институционално јакнење на јавниот сервис, со цел МРТ да се развива како современ, професионален, независен и кредибилен медиумски сервис во интерес на граѓаните.
Воедно, Пашоски ја поздрави подготвеноста за соработка, како и поддршката и придонесот што во овој процес ги даваат еснафските здруженија, медиумските организации и останатите релевантни чинители, оценувајќи дека токму преку отворен дијалог и партнерски пристап може да се обезбеди долгорочен развој и унапредување на јавниот сервис.

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Записникот од 41-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Четириесет и првата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Разгледување и усвојување на Записникот од 43-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Четириесет и третата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Со оглед дека дневниот ред е исцрпен, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатираше дека 44-та седница на Програмскиот совет на МРТ е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството, со што ја затвори четириесет и четвртата седница на Програмскиот совет на МРТ во 12:55 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-2907/2
21.05.2026г.

________________________

Давор Пашоски